**КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на Член 22 од Законот за вршење на психолошка дејност („Службен весник на Р. Македонија бр. 6/05 од 28 Јануари, 2005 год.) и Член 33 од Статутот на Комората на психолози на Република Македонија собранието на Комората на својата II седница одржана на 23.06.2008 го донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА, РОКОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ И ПРОВЕРКА НА СТРУЧНОСТА НА ПСИХОЛОГОТ И ПРИЈАВА НА СТРУЧЕН СОБИР ЗА УСОВРШУВАЊЕ НА ПСИХОЛОЗИТЕ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1.

Со овој Правилник за содржината, роковите и постапката за стручно усовршување и проверка на стручноста на психологот и пријава на стручен собир за усовршување на психолозите (во понатамошниот текст: Правилник), се одредуваат содржината, роковите и постапката на стручно усовршување, проверка на стручноста на психолозите членови на Комората на психолози на Р. Македонија (во понатамошниот текст: Комора) и начинот на пријава за стручен собир за усовршување на психолозите.

## II. НАЧЕЛА НА КОНТИНУИРАНО УСОВРШУВАЊЕ

### Член 2.

Усовршувањето на психологот е континуиран процес која не престанува со завршетокот на студиите по психологија, туку се продолжува преку програми на континуирано усовршување.

Психолозите имаат право и должност да ги обновуваат и понатаму да ги усовршуваат своите знаења и вештини и обврзани се стручно да се усовршуваат за да ги исполнат условите за продолжување на општата и посебната лиценца за вршење на психолошка дејност.

Работодавецот е должен на психологот да му овозможи стручно усовршување со одобрување на платен одмор и со подмирување на другите трошоци на стручното усовршување, во склад со утврдениот план во програмата за стручно усовршување.

### Член 3.

Начела на стручното усовршување се:

- **Достапност на усовршувањето**, што значи достапност на програмите на трајно усовршување на сите психолози;
- **Единственост на психолошката пракса**, што значи дека психолошките знаења и пракса треба да се применуваат на единствен начин во вршењето на психолошката дејност;
- **Научна и практична основаност на усовршувањето**, што значи дека континуираното усовршување треба да биде научно основано и истовремено да

претставува пренос на нови светски искуства, како и сопствени практични искуства и достигнувања;

- **Слободен избор**, што значи дека секој психолог има право да избере содржина и облик на стручно усовршување кој му одговара;
- **Задолжително усовршување за психолошки третмани и психодијагностички методи**, кои психологот ги користи во својата пракса, а кое се утврдува со стандардите на психолошкиот третман и психолошкото тестирање кои ги пропишува Комората;
- **Континуирана евалуација на едукаторот,** што значи дека сите едукатори континуирано ќе бидат евалуирани од страна на посетителите на усовршувањето.

## III. СОДРЖИНА НА СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ

**Член 4.**

Облици на стручното усовршување на психологот се:

1. Специјализации,
2. Едукации за психолошки третмани;
3. Менторства и супервизија;
4. Статии објавени во стручни и научни часописи или публикации, рецензии и книги;
5. Студиски сесии;
6. Учество на конгреси и конференции, симпозиуми, научни и стручни собири;
7. Последипломски обуки, семинари, работилници и советување;
8. Состаноци на одделни секции и психолошки трибини;
9. Научни магистериуми и доктордати.

**Член 5.**

Годишната програма, начинот на организирање и спроведување на континуираното усовршување кои ги организира Комората на психолози, ги донесува Управниот одбор.

Предлагачи на континуираното усовршување можат да бидат: Управните тела на Комората, Институтот по психологија, асоцијации и друштва на психотерапевти, асоцијации и друштва на психолози, поединечни членови на Комората, застапници, дистрибутери, автори на психолошки тестови и психодијагностички инструменти итн.

**Член 6.**

Управниот одбор на Комората именува Секција за стручно усовршување кое се состои од Претседател и тројца членови. Претседателот и членовите се именуваат од различни подрачја на психолошка дејност.

Секцијата за стручно усовршување ги врши следните работи:

- изработува предлог годишна програма за стручно усовршување;
- изработува предлог на организација и спроведување на континуираното усовршување;
- ја утврдува категоризацијата на обликот на континуираното усовршување;
- врши проверка на стручноста на психологот;
- подготвува содржина на испитот за проверка на стручноста на психологот;
- извршува и други работи одредени со овој Правилник или другите општи акти на Комората.

Секцијата во својата работа ќе се консултира со психолозите стручњаци од различни подрачја на применетата психологија, за кое подрачје се организира или одлучува за едукација.

**Член 7.**

Барање за признавање и категоризација на обликот на континуираното усовршување организаторите на стручниот собир треба да го поднесат најкасно 60 дена

пред одржувањето на одредениот облик на усовршување до Секцијата за стручно усовршување. Барањето се поднесува согласно обрасците кои се дел од овој Правилник.

Учесниците поднесуваат индивидуално барање за оној облик на стручно усовршување за кој организаторите не поднеле барање и тоа после одржувањето на усовршувањето и во случај кога организаторот ја немал обврската согласно Член 15. на овој Правилник.

Одлука за признавање и категоризација на обликот на континуираното усовршување донесува Секцијата за стручно усовршување.

Против одлуката од ставот 3. на овој член може да се поднесе жалба до Управниот одбор на Комората во рок од 8 дена од приемот на истата.

На основ на добиената одлука за признавање и категоризација на обликот на континуираното усовршување организаторот, односно реализаторот е должен на подготвените материјали и сертификати да го означи вреднувањето на обликот на усовршувањето и бодовите согласно донесената одлука од ставот 3. на овој Член.

Со релизаторот на обликот на трајното усовршување од ставот 1. на овој Член, Комората склучува Договор за меѓусебните права и обврски.

**Член 8.**

Секцијата за стручно усовршување ќе ги признае едукациите и стручните и научни собири и останатите облици на стручно усовршување во организација на други професии, доколку истите се поврзани со психолошката струка, па придонесуваат на стручното психолошко усовршување, и ќе го утврди бројот на бодови согласно овој Правилник.

Психологот може да поднесе барање до Секциата за стручно усовршување дополнително да му бодува одреден вид на стручно усовршување на кое присуствувал, за што е обврзан да приложи документи на кои го темели своето барање. Ако Секцијата го отцени барањето како основано, ќе го бодува тој облик на стручно усовршување согласно Член 11. на овој Правилник.

## IV. РОКОВИ НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

**Член 9.**

Психологот е обврзан на секои 7 години да помине проверка на стручноста за да се стекне со право да ја обнови општата и/или посебната лиценца за вршење на психолошка дејност.

Се смета дека психологот има потребно ниво на стручност, доколку во изминатиот период од 7 години се стекнал со 120 бодови согласно Членот 11. на овој Правилник.

## V. ПРОВЕРКА НА СТРУЧНОСТА НА ПСИХОЛОГОТ

**Член 10.**

Проверката на стручноста на психологот за период од 7 години се врши преку вреднување на стручното усовршување, на основа на бодување.

**Член 11.**

Составот на бодувањето за проверката на стручноста на психологот се одредува, според обликот на усовршување, на следниот начин:

**1. СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ**

| | |
|---|---|
| Специјализација (тригодишни последипломски специјалистички студии спроведен од страна на овластена институција во Р. Македонија) | 60 бодови **(3 години = 60 бодови)** |
| Останато специјалистичко усовршување (последипломско усовршување пократко од 3 години од страна на овалстена институција во Р. Македонија) | до 60 бодови<br>– бодовите се доделуваат пропорционално со должината на траење на специјализацијата |

## 2. ЕДУКАЦИИ ЗА ПСИХОЛОШКИ ТРЕТМАНИ

| | |
|---|---|
| Едукација за психолошки третмани призната на учесниците од страна на Комората како психотераписка едукација | За 100 часа годишно 30 бодови, односно пропорционално според бројот на часови во годината |
| Едукација за останати психолошки третмани | За 100 часа годишно 30 бодови, односно пропорционално според бројот на часови во годината |

Доколку супервизијата е составен дел на едукацијата за психолошки третмани, не се бодува посебно, туку е во склоп на бодувањето за едукација за психолошки третман.

За добивање на потврда од едукација за психолошки третман, учесникот во едукацијата во случај на индивидуална пријава, треба да донесе потврда од водачот на едукацијата на крајот на едукациската година.

## 3. МЕНТОРСТВА И СУПЕРВИЗИЈА

| | |
|---|---|
| студенска пракса во траење од 1 месец | 2 бода |
| приправнички стаж во траење од 1 месец | 5 бодови |
| специјалистичка пракса во траење од 1 месец | 10 бодови |
| групна менторско – консултантска работа со цел зголемување на компетенцијата во практичната примена на претходно стекнатите знаења и вештини, а со претходна согласност на Комората | ментор/консултант 1 бод за 4 часа менторство односно консултација<br><br>учесник 1 бод за 4 часа менторство односно консултација |
| групна супервизија на психолошка работа која ја води лиценциран супервизор | супервизор 2 бода за 2 часа супевизија<br><br>супервизнат 1 бод за 2 часа супервизија |

## 4. СТАТИИ ВО СТРУЧНИ И НАУЧНИ ЧАСОПИСИ ИЛИ ВО ПУБЛИКАЦИИ

| | |
|---|---|
| а) објавени во списанија кои се цитирани во селективни терциерни публикации:<br>Current Contents, Science Citation Indeks и Social Science Citation Indeks, PsychoInfo | вкупно 35 бодови:<br>- првите тројца автори – секој по 35 бодови<br>- останатите автори на секој еднаков дел од вкупно 35 бодови |
| b) објавени во списнија кои се цитирани во селективни секундарни публикации или во зборници на трудови со меѓународна рецензија | вкупно 30 бодови:<br>- првите три автори – секој по 30 бодови<br>- останатите автори на секој еднаков дел од вкупно 30 бодови |
| c) објавени во неселективни публикации, зборници на трудови со домашна рецензија или без рецензија | вкупно 20 бодови:<br>- првите три автори – секој по 20 бодови<br>- останатите автори на секој еднаков дел од вкупно 20 бодови |
| **книга**<br>а) учебник | вкупно 60 бодови:<br>- првите три автори – секој по 60 бодови<br>- останатите автори на секој еднаков дел од |

| | |
|---|---|
| b) стручна книга и монографија | вкупно 60 бодови<br><br>вкупно 50 бодови:<br>- првите три автори – секој по 50 бодови<br>- останатите автори на секој еднаков дел од вкупно 50 бодови |
| c) популарна книга | вкупно 40 бодови:<br>- првите три автори – секој по 40 бодови<br>- останатите автори на секој еднаков дел од вкупно 40 бодови |
| d) стручен прирачник и слично | вкупно 30 бодови:<br>- првите три автори – секој по 30 бодови<br>- останатите коавтори на секој еднаков дел од вкупно 30 бодови |
| **уредник на книга**<br>a) учебник | вкупно 40 бодови:<br>- првите три уредници – секој по 40 бодови<br>- останатите уредници на секој еднаков дел од вкупно 40 бодови |
| b) стручна книга<br>c) популарна книга<br>d) монографија или стручен прирачник | 30<br>20<br>10 |
| **рецензија на книга** | 8 бодови |
| **поглавја во книга**<br>a) учебник | вкупно 25 бодови:<br>- првите три автори – секој по 25 бодови<br>- останатите коавтори на секој еднаков дел од вкупно 25 бодови |
| b) стручна книга<br>c) популарна книга<br>d) монографија или стручен прирачник | 20<br>15<br>10 |
| **главен уредник на списание**<br>b) селективни<br>c) неселективни | <br>20<br>15 |
| **уредник на заборник на трудови**<br>a) со меѓународна рецензија<br>b) со домашна рецензија<br>c) без рецензија | <br>20<br>15<br>10 |

Презентација на книга не е стручно усовршување, освен кога е дел од предавање или обработка на стручна тема.

**5. СТУДИСКИ СЕСИИ**

| | |
|---|---|
| Студиски престои во Македонија со ментор | Во траење од 6 месеци или повеќе – 20 бодови, помалку од 6 месеци пропорционален дел од 20 бодови според должината на траење на студискиот престој |
| Студиски престои во странство со ментор | Во траење од 6 месеци или повеќе – 40 бодови, |

| | |
|---|---|
| | помалку од 6 месеци пропорционален дел од 40 бодови според должината на траење на студискиот престој |

Обавениот студиски престој се документира со потврда од менторот на студискиот престој и установата/институцијата/организацијата во рамки на која е обавен студискиот престој

## 6. УЧЕСТВО НА КОНГРЕСИ, КОНФЕРЕНЦИИ, СИМПОЗИУМИ И НАУЧНИ И СТРУЧНИ СОБИРИ

Конгреси, конференции, симпозиуми и научни и стручни собири **се редовни или повремени состаноци на поголем број на стручњаци со цел расправа за одредени научни и/или стручни теми и важни прашања, воспоставување на личен контакт, размена на искуства, а може да бидат од меѓународен или домашен карактер.**

**- ДОМАШЕН СОБИР**

| **ТРАЕЊЕ** | **ПОКАНЕТ ПРЕДАВАЧ** | **АКТИВЕН УЧЕСНИК** | **ПАСИВЕН УЧЕСНИК** |
|---|---|---|---|
| 1 ден | 19 | 14 | 9 |
| 2 дена | 22 | 17 | 12 |
| 3 дена | 25 | 20 | 15 |

**- МЕЃУНАРОДЕН СОБИР**

| **ТРАЕЊЕ** | **ПОКАНЕТ ПРЕДАВАЧ** | **АКТИВЕН УЧЕСНИК** | **ПАСИВЕН УЧЕСНИК** |
|---|---|---|---|
| 1 ден | 27 | 22 | 12 |
| 2 дена | 31 | 26 | 16 |
| 3 дена | 35 | 30 | 20 |

Денот трае минимум 6.5 саати.

Домашен собир е оној кој се одржува во нашата земја, која е и организтор на тој собир (стручно тело или установа од Р. Македонија).

Меѓународен собир е оној кој се одржува во странство, или во нашата земја но во организација на меѓународна организација (стручно тело или установа од друга земја или повеќе земји).

Пасивно учество на конгреси, конференции, научно-стручни собири се документира со Сертификат за присуство и програмата на собирот, а активно присуство се документира со Сертификат за учество, резиме на својот труд и програмата на собирот.

## 7. СТРУЧНИ ОБУКИ

**Стручни обуки** (најчесто кратки, минимум 3 дена) се обуки со цел стекнување знаења и вештини од некое специфично подрачје, вклучувајќи проверка на знаењето по завршетокот на курсот, или по завршетокот на оспособувањето на учесникот за практична и целосна примена на специфична постапка, метода, техника и сл.

| | | |
|---|---|---|
| стручна обука со проверка на знаењето | предавач<br>слушач | 25 бодови<br>15 бодови |

По завршувањето на обуката учесникот добива Сертификат на кој е означена вредноста на обуката во бодови кој служи како документ за признавање на континуирано усовршување.

## 8. СЕМИНАРИ, РАБОТИЛНИЦИ И СТРУЧНИ ОБУКИ БЕЗ ИСПИТ

Семинари, работилници и стручни обуки без испит се пократок облик на практични вежби кои претсавуваат проширување на знаењето во некое подрачје, но не претсавуваат нужно целосно оспособување за примена на одредена техника или пристап.

Број на бодови зависно од траењето:

| ТРАЕЊЕ | ПРЕДАВАЧ | СЛУШАЧ |
|---|---|---|
| 1 ден | 10 бодови | 6 бодови |
| 2 дена | 13 бодови | 8 бодови |
| 3 дена | 15 бодови | 10 бодови |

## 9. СОСТАНОЦИ НА СТРУЧНИ СЕКЦИИ И СТРУЧНИ ПРЕДАВАЊА НА ТРИБИНИ И ТРКАЛЕЗНИ МАСИ

| | | |
|---|---|---|
| состаноци на стручни секции и стручни предавања на трибини | предавач<br>слушач | 8 бодови<br>5 бодови |
| тркалезни маси | водител и активни учесници<br>слушачи | 8 бодови<br>5 бодови |

Состаноците на стручните секции треба да обработуваат најмалку една стручна тема. Кога се обработува една тема: минимумот е 45 мин. предавање и 30 мин. расправа, а кога се обработуваат повеќе теми: минимумот е 30 мин. предавање и 15 мин. расправа по тема. На Секцијата за стручно усовршување се доставува краток записник во кој мора да биде содржан: дневниот ред, попис на имињата на предавачите со попис на теми, апстракти од излгањата, траење на излагањата и попис на присутните.

Тркалезни маси се свикуваат за некоја стручна тема и траат минимум 45 мин. со 30 мин. расправа. На Секцијата се доставува краток записник кој мора да ги содржи: основните точки на расправа, име на водителот, попис на имиња на активни учесници, траење на излагањата и попис на присутните.

## 10. НАУЧНИ СТЕПЕНИ

| | |
|---|---|
| магистер на науки | 60 бодови |
| докотор на науки | 90 бодови |

**Член 12.**

Ако психологот од објективни причини не успее да го собере потребниот број на бодови, мора да пристапи на проверка на знаењето пред Комисија која ја именува Секцијата за стручно усовршување.

**Член 13.**

На психолозите, кои престануваат да работат во област на психолошка дејност, после добивањето на основна или посебна лиценца, им се признава проверка на стручноста во смисла на Член 10. и Член 11. на овој Правилник за следното обновување на

лиценцата, доколку го стекнат потребниот број на бодови според Член 9. на овој Правилник.

После истекот на обновената лиценца од ставот 1. на овој Член психологот кој и понатаму не работи во област на психолошка дејност, а сака да добие продолжение на основната или посебната лиценца, мора да пристапи кон проверка на знаењето пред Комисија која ја именува Секцијата за стручно усовршување.

## VII. ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ НА КОНТИНУИРАНОТО УСОВРШУВАЊЕ

### Член 14.

Сите реализатори на различни облици на континуирано усовршување се обврзани на учесниците да им го поделат евалуацискиот прашалник за оцена на оспособувањето кој е приложен во прилог на овој Правилник и да достават до Секцијата за стручно усовршување Извештај од евалуацијата.

На основа на резултатите од евалуацискиот прашалник надлежната Секција за стручно усовршување го известува реализаторот за квалитетот на усовршувањето

## VIII. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА УСОВРШУВАЊЕ

### Член 15.

Реализаторите на усовршувањето се обврзани на Комората да и доставaт попис на психолозите кои учествувале во одделно усовршување, најкасно 15 дена по неговото завршување.

Во формуларот за пријава за стручно усовршување (стручен собир) потребно е да се специфицира струката на предавачот/учесникот и во пописите на предавачи и во пописите на учесници.

### Член 16.

Психологот е должен да подесе до Комората докази за стручното усовршување најкасно три месеци пред истекот на рокот од 7 години за обновување на општа односно посебна лиценца.

Доказите за исполнување на условите за обновување на општа односно посебна лиценца мора да бидат во склад со одредбите на овој Правилник.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17.

Овој Правилник се објавува на web страната на Комората и стапува на сила по донесувањето од страна на Собранието на Комората.

**Председател на Комора на психолози**
**на Р. Македонија**

*КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА Р. МАКЕДОНИЈА*

**Конт. адреса:**
**Бул. Партизански одреди 64б 2М**
**1000 Скопје**
**http://komora.na.psiholozi.googlepages.com**
**e – mail: komora.na.psiholozi@gmail.com**

**ПРИЈАВА ЗА СТРУЧЕН СОБИР ЗА УСОВРШУВАЊЕ НА ПСИХОЛОГ**

**1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТРУЧНИОТ СОБИР**

1.1. Назив на собирот: ______________________________

______________________________

______________________________

1.2. Место на одржување на собирот: ______________________________

1.3. Датум и време на одржување на собирот: ______________________________

1.4. Собирот е наменет: ______________________________

1.5. Вид на стручен собир според Правилникот за содржина, рокови и постапка на стручно усовршување: ______________________________

1.6. Предложен број на бодови според Правилникот: ______________________________

1.7. Организатор на стручниот собир: ______________________________

______________________________

______________________________

1.8. Адреса на организаторот на стручниот собир: ______________________________

______________________________

______________________________

1.9. Матичен број на организаторот на стручниот собир: ______________________________

1.10. Потписник на договорот: ______________________________

1.11. Одговорно лице за организација: ______________________________

1.12. Број на одговорното лице: ______________________________

1.13. Лице одговорно за контакт и известување на учесниците: ______________________________

1.14. Адреса и телефон на лицето за контакт: ______________________________

______________________________

1.15. Водител на собирот: ______________________________

1.16. Дали собир со иста програма веќе бил одржан (кога и каде): ______________________________

______________________________

______________________________

1.17. Предвиден износ за котизација на учесниците: ______________________________

1.18. Очекуван број на учесници: ______________________________

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОГРАМАТА НА СТРУЧНИОТ СОБИР:

2.1. Образложение на собирот (кои се целите на оспособување и кои знаења и вештини собирот им ги пренесува на учесниците) - во прилог

2.2. Програма на собирот – во прилог

2.3. Собирот ќе се одржи со вкупно траење од ___________ часа, од кои:

- предавање _____________ часа,
- семинари _____________ часа,
- вежби _____________ часа,
- водена расправа _____________ часа,
- останати облици на работа _____________ часа.

2.4. Пишани материјали (заокружете): ДА НЕ

Предложени пишани материјали – во прилог.

2.5. Испит (заокружете): ДА НЕ

Како ќе се спроведе испитот: ______________________________________________

______________________________________________________________

2.6. Попис на предавачи:

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Потпис на предлагачот: ______________________________________________

**НАПОМЕНА:**

- Предлог за собир мора да биде доставен до Комора на психолози на Р. Македонија најкасно 60 дена пред времето предвидено за одржување на собирот.
- По завршетокот на собирот, заради упис на бодови организаторот треба во рок од 8 дена до Комората на психолози на Р. Македонија да достави попис на учесници, со име и презиме, установа во која работат и број на основна лиценца.

*КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА Р. МАКЕДОНИЈА*

**Конт. адреса:**
**Бул. Партизански одреди 64б 2М**
**1000 Скопје**
**http://komora.na.psiholozi.googlepages.com**
**е – mail: komora.na.psiholozi@gmail.com**

## ИНДИВИДУАЛНА ПРИЈАВА ЗА УСОВРШУВАЊЕ НА ПСИХОЛОГ

ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ПРЕДЛАГАЧОТ (УЧЕСНИКОТ):

______________________________________________________________________

ОБЛИК НА УЕСТВО: а) активно b) пасивно

### 1. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТРУЧНИОТ СОБИР

1.1. Назив на собирот: ______________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

1.2. Место на одржување на собирот: ______________________________

1.3. Датум и време на одржување на собирот: ______________________

1.4. Собирот е наменет: ______________________________________________

1.5. Вид на стручен собир според Правилникот за содржина, рокови и постапка на стручно усовршување::______________________________________

1.6. Предложени бодови според Правилникот: ______________________

1.7. Организатор на стручниот собир: ______________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

1.8. Адреса на организаторот на стручниот собир: ________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

1.9. Водител на собирот: ______________________________________

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ПРОГРАМАТА НА СТРУЧНИОТ СОБИР

2.1. Програма на собирот (разделена програма по тематски целини) – во прилог

2.2. Собирот ќе се одржи со вкупно траење од ____________ часа, од кои:
- предавање _____________ часа,
- семинари _____________ часа,
- вежби _____________ часа,
- водена расправа _____________ часа,
- останати облици на работа _____________ часа.

2.3. Пишани материјали (заокружете): ДА НЕ
Предлог пишани материјали – во прилог.

2.4. Испит (заокружете): ДА НЕ

Како ќе се спроведе испитот: ______________________________________________

______________________________________________

2.5. Попис на предавачи:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

Потпис на предлагачот: ______________________________________________

*КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА Р. МАКЕДОНИЈА*

**Конт. адреса:**
**Бул. Партизански одреди 64б 2М**
**1000 Скопје**
**http://komora.na.psiholozi.googlepages.com**
**e – mail: komora.na.psiholozi@gmail.com**


## ПРИЈАВА/ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОЦИТЕ НА СТРУЧНИ СЕКЦИИ / ДРУШТВАТА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ И КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА СТРУЧНОТО УСОВРШУВАЊЕ НА ПСИХОЛОГОТ

**ОРГАНИЗАТОР:**

**ВИД НА СОБИР: • СОСТАНОК НА СЕКЦИЈА • СТРУЧЕН СОБИР • ТРКАЛЕЗНА МАСА**

**ДАТУМ, ВРЕМЕ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ:**

**ДНЕВЕН РЕД:**

**ПОПИС НА ПРЕДАВАЧИ (ВОДИТЕЛ И ДРУГИ АКТИВНИ УЧЕСНИЦИ НА ТРКАЛЕЗНА МАСА) СО НАСЛОВ НА ТЕМА И ТРАЕЊЕ НА ИЗЛАГАЊЕТО:**

**АПСТРАКТИ НА ИЗЛАГАЊАТА:**

**ПОПИС НА ПРИСУТНИ:**

| Ред. бр. | ИМЕ | ПРЕЗИМЕ | УСТАНОВА/ПРЕТПРИЈАТИЕ |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

*КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА Р. МАКЕДОНИЈА*

**Конт. адреса:**
**Бул. Партизански одреди 64б 2М**
**1000 Скопје**
**http://komora.na.psiholozi.googlepages.com**
**e – mail: komora.na.psiholozi@gmail.com**

**ЕВАЛУАЦИЈА НА УСОВРШУВАЊЕТО:**

**ТЕМА:** ________________________________________________

МЕСТО И ВРЕМЕ НА ОДРЖУВАЊЕ:______________________________

ЕДУКАТОР:________________________________________________

| УПАТСТВО (Ве молиме заокружете отцена на принцип на школско отценување )! | Отцена: | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| - Занимливост и атрактивност на темата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| - Применливост на содржината во пракса | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| - Организација на усовршувањто | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| - Содржина на пишаниот материјал | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| - Исполнетост на Вашите очекувања | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| - Отцена за усовршувањето во целина | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

7. Кои се добрите страни на ова усовршување?

8.Кои се недостатоците на ова усовршување?

*КОМОРА НА ПСИХОЛОЗИ НА Р. МАКЕДОНИЈА*

**Конт. адреса:**
**Бул. Партизански одреди 64б 2М**
**1000 Скопје**
**http://komora.na.psiholozi.googlepages.com**
**e – mail: komora.na.psiholozi@gmail.com**

**ЗАПИСНИК ОД СРЕДБА НА СУПЕРВИЗИСКИ ГРУПИ**

**СУПЕРВИЗОР:**

**ДАТУМ, ВРЕМЕ И МЕТО НА ОДРЖУВАЊЕ:**

**ТРАЕЊЕ НА ГРУПНАТА СУПЕРВИЗИЈА ВО СААТИ:**

**РЕДЕН БРОЈ НА СУПЕРВИЗИСКАТА СРЕДБА:**

**ПОПИС НА ПРИСУТНИ:**

| Ред. бр. | ИМЕ | ПРЕЗИМЕ | УСТАНОВА/ ПРЕТПРИЈАТИЕ/ГРАЃАНСКО ДРУШТВО |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |